Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва, одредбите од Законот за супервизија на осигурување, и член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година** на својата седница одржана на **09.05.2016 година,** ја донесе следната::

# ОДЛУКА

**за утврдување на престанок на мандат на член на Надзорниот одбор на Друштвото**

1. Поради претходно поднесена отставка од од страна на **Петер Франц Хоефингер** се утврдува престанок на неговиот мандат во Надзорниот одбор на Друштвото.

2. Поради престанок на мандатот на **Петер Франц Хоефингер**, Собранието на Друштвото ќе пристапи кон избор на нов член на Надзорниот одбор на Друштвото.

3. Оваа Одлука влегува во сила по извршен упис на промена во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија, односно по соодветен упис на нов член на Надзорниот одбор на Друштвото во Трговскиот регистар.

4. Се овластува Г-дин Ристо Секуловски, како член на Управниот одбор на Друштвото, да поднесе пријава за упис на промена во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Согласно член 364 од Законот за трговскиот друштвото, **Петер Франц Хоефингер** до Собранието на акционери на Друштвото поднесе отставка од функцијата член, односно Претседател на Надзорниот одбор на Друштвото. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, отставката е поднесена на ден 16.03.2016 година и истата е нотарски заверена кај надлежен нотар во Австрија на ден 16.03.2016 година. Поради престанок на мандатот на именуваниот член на Надзорниот одбор на Друштвото, Собранието на Друштвото ќе одлучува за избор на нов член на Надзорниот одбор на Друштвото. Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

______________________________

**Татјана Димов**